27.04.2010, 15:52

# ВО ЗАГРЕБ НЕ ВЕРУВАА ДЕКА ПОСТОИ „СКОПЈЕ 2014“



**Историчарот на уметноста и новинар Дејан Буѓевац, присуствуваше на отворено интервју посветено на медиумите и културата во регионот**

**Катерина Богоева**

Во познатиот културен центар и книжарница „Booksa“(Букса) во Загреб, неодамна беше одржано јавно интервју посветено на состојбата со културата во медиумите во регионот, на кое од Македонија, по покана од „Форум Скопје“, учествуваше историчарот на уметност и новинар во неделникот„Глобус“, Дејан Буѓевац. Од останатите земји своите согледувања ги разменувале и Мојца Планшак од Словенија, Саша Ќириќ од Србија и Деан Дуда од Хрватска. На интервјуто, кое е дел од регионалниот проект „Да зборуваме за уметничката критика“, финансиран од фондовите за култура при Европската унија, бил донесен генерален заклучок дека културата и 'вистинската' уметност во медиумите се' помалку ја има, „дека е маргинализирана на ниво на информативна површина, без каков било длабински пристап“.

„Во принцип и немаше полемика, освен што сите учесници (а се работи за искусни и етаблирани ликовни новинари, теоретичари на медиуми на независната културна и уметничка сцена во своите земји), од аспект на своите искуства, констатираа слични проблеми со третманот на културата во медиумите, во различни тоналитети. Беше потенцирано дека политичкото и естрадното дефинитивно и го заседоа местото на културата, дека транзицискиот капитализам со себе донесе огромна некомпетентност кај дел од новинарите што се занимаваат со култура, но и дека постои стравување од приватизација на јавните медиуми, што би предизвикало катастрофални последици.

Присутните укажаа на познатата ситуација, сопствениците на медиумите што ја диктираат насоката во која ќе се развива информирањето, да вршат „индиректен“ притисок врз авторите во културните рубрики, но и дека во

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- СУСПЕНДИРАНИ 15 ВРАБОТЕНИ ВО МВР ЗА ИНЦИДЕНТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО
- ФЕНЕРБАХЧЕ И ОЛИМПИЈАКОС ЌЕ СЕ БОРАТ ЗА ЕВРОПСКАТА ШАМПИОНСКА ТИТУЛА
- МУЗИЧКИОТ ТАЛЕНТ ДАМЈАН ДИМЕВСКИ ОСВОИ ГРАН ПРИ НА ФЕСТИВАЛ ВО ТУРЦИЈА
- ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ СО ДОБИВКА ОД 22,3 МИЛИОНИ ЕВРА ГО ПРОДОЛЖУВА ТРЕНДОТ НА ДОБРО РАБОТЕЊЕ
- ОД НЕДЕЛА НОВ ВЛАЖЕН БРАН

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

18° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

регионот недостасува медиумска култура, а не само култура во медиумите". Учесниците укажале и на неопходноста потребата од воведување на наставен предмет за медиумска едукација и култура во основното или во средното образование, што би придонело за развивање на критичката мисла.

„Тоа, според Мојца Плашнак, е веќе воведено во Словенија", посочи Буѓевац, кој на интервју во чиј фокус се нашол и јавниот сектор, говорел дека во Македонија тој е политички и партиски идеологизиран. „Тој е неупотреблив кога е во прашање современата култура и уметност. Ние немаме јавен сектор што во другите држави функционира, а за да стане најважен промотор на цивилното општество, како што сметаа и останатите учесници, врз него мора континуирано да се врши „притисок" и тој да се освојува. Неопходно е во тој сектор да влезат луѓе од независните медиумски и уметнички продукции, а нивно присуство е потребно и во комерцијалните медиуми, преку кои најлесно се доаѓа до публиката".

Преставниците на регионот во Загреб констатирале и дека во централните информативни вести на електронските дневни медиуми, недостигаат културни рубрики што се однесуваат на алтернативните уметнички настани. „Освен ако не станува збор за фолклорна државна церемонија и ако не се третираат како општествен настан. Се наметна и прашањето како да се маргинализира производството на популистичкиот екстремизам кој е суштински елемент на транзициските општества и како да се насочи енергијата наречена култура на индивидуализирање, во либерализација на медиумскиот простор".

Дејан Буѓевац укажа и на, во оваа прилика потенцираната и силната потреба од меѓусебно поврзување и соработка меѓу новинарите регионот. „ Веќе разговарав за соработка со неколку независни портали од Словенија и Србија, а со колегите од Хрватска, договоривме нова средба и разговори во следните два месеца".

Тој како илустративен пример на актуелните размислувања за состојбите во регионот, ја издвои изјавата на Роберт Перишиќ, еден од најзначајните писатели на новата хрватска книжевна сцена и колумнист во загрепски „Глобус": „Треба да престанеме да им се поклонуваме на мумифицираните авторитети и мртви споменици, кои се' уште владеат во медиумите и културата, и да ја истераме лагата од културата. Дури тогаш, ќе бидат можни секакви чуда".

Актуелниот проект „Скопје 2014" презентиран од Буѓевац, ги илустрирал и состојбите во културата во Македонија. „Присутните не веруваа дека постои ваков проект. Кога го видоа на рекламниот материјал, помислија дека станува збор за уметнички, авторски пристап, за некое дело". Учесниците од Хрватска и Словенија, посочиле дека во овие две земји поради пазарниот систем, се потешко мејнстримот се разликува од независната култура, а Србија била спомената како земја каде сеуште е силно политичкото, тајкунското лоби во медиумите и маркетингот.

Во Загреб, е одржан и отворен форум за медиуми и новинари од културата, на кој учествувале дваесеттина новинари и уредници од „Нови лист", „Јутарњи лист", „Живот уметности", „Хрватски филмски љетопис", „Човек и простор", „Модерна времена", ХРТ, Радио 101, Културпунк и др.... „Интересно беше директното, отворено соочување на публиката, со уредниците и новинарите за одредени проблеми. Меѓу другото, беше потенцирано дека сопственците на медиумите и финансиерите во Хрватска дозволуваат неограничено критизирање во деловите за култура, бидејќи владее мислење дека тие не се сметаат за релевантни. Финансирањето беше вториот пример што ја отсликува состојбата. Се' помалку новинари се вработуваат во културните рубрики, а се сметаат и за најслабо платени новинари. Голем дел од нив работат хонорарно и на парче", забележа Буѓевац.

Статијата е прочитана 2447 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да"
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Премиера на „2012 - последните Македонци“ во Драмски**
**Се подготвува голема изложба за Климент и Наум**
**Вечер на футуризмот**
**Нова книга од иранската писателка Азар Нафиси**
**Дела на Папрадишки вечерва во Штип**

## КОМЕНТАРИ

**Скопје-2014 е прекрасен проект**, 28.04.2010 08:02:57
Присутните не верувале дека постои таков проект. Јасно. Биле занемени од убавината.
Кликнете за оценка: 27 | 20

**Миленко**, 28.04.2010 09:18:07
Проектот Скопје 2014 ќе сведочи за глупоста на Груевски и неговите советници, а бога ми и братучеди.
Кликнете за оценка: 20 | 35


период од-до 2006 - 2014

Утрински весник

РЕДАКЦИЈА

ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

ONLINE ИЗДАНИЕ
- Вести
- Магазин
- Спорт
- Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
- Политика
- Македонија
- Економија
- Хроника
- Коментари
- Свет
- Култура
- Спорт
- Скопје
- Забава
- Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
- Дневник
- Вест
- Теа Модерна
- Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани